**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-4830/2**

# З А П И С Н И К

**Од 70-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 23.08.2018 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска, Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Илир Рамадани,Гајур Рамадани, Анита Латифи , м-р Ристе Панов , Косана Николиќ Мазнева ,Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека, Ивана Трајковска, |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов- Директор на заеднички функции и администрација, Анета Андонова-Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ1, Мигена Горенца- Одговорен уредник на Втор Програмски сервис на МТВ2, Наташа Андрееска-Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МРА, Хаки Мустафа- Одговорен уредник на Трет програмски сервис МРА |

Седницата започна во 11:50 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ја отвори седницата и пред отпочнување со работа предложи да се промени редоследот на точките од дневниот ред , точка 3 да биде точка 2.
Програмскиот совет на МРТ се согласи со предлогот да се работи по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Информација од Одговорните уредници на програмските сервиси на ЈРП МРТ за начинот на медиумското известување и презентирање на политичките субјекти на програмите на МРТ, за време на одржување на референдумот.

2. Разгледување на Информацијата од Одговорниот уредник на Втор програмски сервис на МТВ2, а во врска со заклучокот од 69-та седница за почитување на програмските обврски и начелата и стандардите на МРТ , во делот на начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледиштата за делот на МТВ2.

3. Информација за преземените дејствија согласно заклучокот од 64-та седница на Програмски совет на МРТ со кој се задолжува Менаџментот на МРТ да изнајде решение за проблемот со немањето на Агенција за мерење на рејтингот на гледаност во МТВ, односно да спроведе постапка за набавка на нов оператор за мерење на рејтингот.

4. Разно.

Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои предложениот дневен ред

ТОЧКА 1: **Информација од Одговорните уредници на програмските сервиси на ЈРП МРТ за начинот на медиумското известување и презентирање на политичките субјекти на програмите на МРТ, за време на одржување на референдумот**

Анета Андонова како Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ1 во Информацијата бр.14-4821/1 од 22.08.2018година ,информира дека Програмскиот колегиум на МРТ1 одржал состанок каде се разгледало доставеното Упатство за медиумско претставување за време на референдум доставена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
По консултативна средба со одговорни лица во Агенцијата и според добиените насоки, се изготви Нацрт Правилник за медиумско покривање на референдум 2018 на Јавниот радиодифузен сервис–МРТ1.МРТ како јавен сервис има задача да обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на заинтересираните страни, притоа почитувајќи ги стандардите и начелата за создавање на програми утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и стандардите на новинарската професија од Етичкиот кодекс на новинарите на Република Македонија. Изготвувањето на Нацрт Правилникот за медиумско покривање на референдумот 2018 се води од начелата на праведно , избалансирано и непристрасно медиумско претставување на сите заинтересирани страни и запознавање на граѓаните со поразновидни ставови без фаворизирање на поедини страни. Државната изборна Комисија ќе биде поканета да гостува , бидејќи е должна да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и за други информации поврзани со процесот.Колегиумот на Програмскиот сервис во својот предлог Правилник изготви шема со посебни обврски за целосно покривање и информирање на референдумот во сите информативни емисии со учество на гости во дебатните и информативните емисии.

Златко Јанковски се интересираше во однос на отстапувањето простор за трите субјекти- “ЗА“, “ПРОТИВ“ и “БОЈКОТИРАМ“, како ќе се презентира процесот во медиумите и како ќе биде застапеноста на страните.

Анета Андонова појасни дека МРТ како јавен сервис има обврска подеднаков и избалансиран да биде настапот на поедините субјекти, притоа почитувајќи го Етичкиот кодекс на новинарите.Верува дека од страната “ЗА“ ќе има поголема заинтересираност, но ќе се трудат процесот на референдумот да биде избалансиран.Според програмските шеми, од 10 септември званично ќе има секојдневно известување за активностите на заинтересираните страни , дебатни емисии во два ударни термина само во информативните програми. Дел од програмите ќе биде достапна и за лицата со оштетен слух.Значајно е да се напомене дека претставувањето на заинтересираните страни , нема да се емитуваат во образовна, играно документарна програма и забавна програма.

Снежана Клинчарова праша дали е предвидено во содржината на програмата, да се поканат определени пратеници од трите субјекти.Клинчарова смета дека поедини пратеници го злоупотребуваат настапот пред малите екрани и повикуваат на јасна определба“ЗА“, неводејќи сметка дека кампањата званично не е отпочната.

Мигена Горенца како Одговорен уредник на Вториот програмски сервис на МТВ2 во Информацијата бр. 14-4823/1 од 22.08.2018год. информира за начинот на медиумското известување и презентирање на политичките субјекти на програмите на МРТ за време на одржување на референдумот е разгледано од Програмскиот колегиум на МТВ2 каде се разгледало доставеното Упатство за медиумско претставување за време на референдум доставена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно насоките од АВМУ и Првиот и Вториот програмски сервис на МРТ,изготвија Нацрт верзија на Правилник за медиумско покривање на референдумот 2018 и како основна задача на сервисите е да обезбеди избалансираност во известувањето за активностите на заинтересираните страни.

Според заитересираноста ќе се емитуваат дебатни емисии и покривање на активностите на јавната пропаганда за референдумот во Вестите и Дневниците на Вториот програмски сервис.Јавниот радиодифузен сервис се обврзува известувањето во дневно-информативните емисии да биде точно, навремено и разбирливо.

Ристе Панов упати прашање дали при настап на одреден министер ќе се обезбеди преведувач и дали истиот ќе говори за референдумот и што ќе се случи ако се пушти некоја скриена владина реклама и што после 10 септември.

Мигена Горенца образложи дека обезбедување на преведувач е многу тешко ниту пак обезбедување титлување, а за прикажувањето на скриени владини реклами како и Првиот и Вториот програмски сервис особено ќе внимаваат да не се случи.

Анета Андонова во врска со прашањето на Ристе Панов што после 10.09. истакна дека настапите ќе бидат избалансирани за да не се наруши Етичкиот кодекс и ќе се придржуваат на став на јавен сервис.

Наташа Андрееска како Одговорен уредник на Првиот програмски сервис на МРА1 бр.13-4818/1 од 22.08.2018год. информира дека Кампањата ќе се води според пропишаното Упатство за Медиумско претставување за време на референдум добиено од Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиуми . Македонското радио-радио Скопје ќе води избалансирано и непристрасно медиумско претставување на заинтересираните страни во референдумот и ќе се потруди да обезбеди граѓаните да ги добијат сите потребни информации.Ќе има известувања од сите дневни настани поврзани со референдумот , дебатни емисии со учество на гости и во соработка со колеги од МТВ за следење на бесплатните претставувања на сите учесници во референдумот и директни вклучувања од прес конференции на ДИК,МОСТ МВР, Народен правобранител.

Хаки Мустафа- Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МРА, во врска со медиумскот покривање на референдумот 2018 ,информира дека новинарскиот тим на овој програм се искусни и професионални новинари и во соработка со Вториот програмски сервис на МТВ2 ,слушателите ќе бидат информирани за преземените активности за покривање на референдумот2018.

**ТОЧКА 2:Разгледување на Информацијата од Одговорниот уредник на Втор програмски сервис на МТВ2, а во врска со заклучокот од 69-та седница за почитување на програмските обврски и начелата и стандардите на МРТ , во делот на начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледиштата за делот на МТВ2.**

Мигена Горенца како Одговорен уредник на Вториот програмски сервис МТВ2 во Информацијата бр.14-4640/1 од 07.08.2018година, а во врска со Заклучокот од 69-та седница, информира за почитување на програмските обврски и начелата и стандардите на МРТ , во делот на начелото на политичка избалансираност и плурализам на гледиштата за делот на МТВ2. Мигена Горенца во своето излагање истакна дека како Одговорен уредник на МТВ2 постојано е на став дека јавниот сервис е за информирање на сите гледачи без разлика на која верска и политичка припадност се .Вториот програмски сервис на МТВ2 иако е програма за албанската популација во презентирање на ниедна вест од било која политичка партија нема да оди, без притоа да се емитува и ставот на опозициската политичка партија.
МТВ2 внимава да биде постојано неутрална и избалансирана, а во одредена мера и критична. Во поедини случаи на прес конференција свикана од претставници на Владата , реагира опозицијата , а истовремено и партијата на власт, во тој случај се внимава на искажаните ставови на политичките партии со крајна балансираност.

Ристе Панов праша како е застапеноста на субјектите во минутажа. Во однос на Информацијата од Првиот програмски сервис од минатата седница , смета дека застапеноста е 70% за Влада и партија , а 30% за опозицијата и како јавен сервис смета дека има голем дизбаланс во минутажа на застапеност .
Снежана Клинчарова во однос на застапеноста ,очигледно е дека при секое соопштение или став искажан од опозицијата до Влада , одговор доаѓа не од Влада или одредено министерство , туку од владеачката партија односно од седиштто на СДСМ.

**ТОЧКА 3: Информација за преземените дејствија согласно заклучокот од 64-та седница на Програмски совет на МРТ со кој се задолжува Менаџментот на МРТ да изнајде решение за проблемот со немањето на агенција за мерење на рејтингот на гледаност во МТВ, односно да спроведе постапка за набавка на нов оператор за мерење на рејтингот.**

Горан Атанасов во своето излагање детално ги информира членовите на Програмскиот совет за изнаоѓање на решение за проблемот со немање на Агенција за мерење на рејтингот на гледаност во МТВ, односно да спроведе постапка за набавка на нов оператор за мерење на рејтингот.Наназад во 2016година МРТ имаше мерење на рејтингот , но Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиуми се сомневаше во точноста на пипл метрите и затоа се формира посебен СИС комитет од 7 членки кој е оформен за оценување и поставување на пипл метрите.Овој комитет е подржан и усогласен со Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиуми и нивен избор е мерењето на рејтингот да биде Нилсен. Доколку МРТ се одлучи да биде 8 членка треба да се даде повисок износ за учество , но според гледаноста и со неизвесноста за постоење на маркетингот во МРТ, треба да се направат големи напори за преговарање.
Јагнула Куновска смета дека мерењето на гледаноста на програмите на МРТ според неа не се точни и треба да се преиспитаат услугите и МРТ се ставени во ситуација да не може да избира и на крај зошто да има мерења на гледаност кога МРТ е јавен сервис.

Смилка Јанеска Саркањац од спроведената дискусија , предложи Програмскиот совет на МРТ да биде известен за преземените дејствија во процесот поради мерењето на гледаноста на програмите на МРТ и интензивирање на преговорите.

**ТОЧКА 4:Разно**

Косана Николиќ Мазнева ги побара следниве Информации од службите

- Информација дали МРТ има доставено Барање до Влада и Министерство за финансии за нови вработувања и разместувања од 01.01.2018година и колку се одобрени или одбиени.
- Информација дали МРТ има судски спорови со политички партии.

Ведат Мемедалија ја побара следнава :

- Информација дали МРТ има Барање и Информација од Влада за отварање на новата 24 часовна програма на МТВ2.

Информациите да се доставаат за следна седница

Седницата заврши во 13:00 часот

Програмски совет на ЈРП МРТ

____________________________

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац

претседател

Записникот го водеше
Менка Раичка Цветковска